21829

НОВ. МАКЕД. 27. X. 1974

ИЗЛОЖБИ

# Солидна основа за натамошен развој

## КОН ИЗЛОЖБАТА ГРАФИКИ НА ДРАГАН БИКОВ И ДИМИТАР МАЛИДАНОВ

**БИКОВ И МАЛИДАНОВ СЕ ДВАЈЦА ГРАФИЧАРИ** кои внесуваат немир и експресија во своите дела. Тие се фатија во костец со проблемите на графичкиот израз обидувајќи се да изгради што постабилна формула во своите творби. Биков се труди да го „врами" својот темперамент, а Миладинов директно ги изразува своите пораки. Обајцата се творци со потенцијал и содржина што навестува натамошна еволуција.

Драган Биков главно ги задржува сите обележја на својата графика, со таа разлика што сега почнува да размислува над формата, бара начин да ја скроти и рационално осмисли како целина. Мотивскиот дијапазон е исто како и порано широк и разновиден: почнувајќи од оние „секојдневни" радости, па преку „реалните" мотиви-предели се до оние кои потекнуваат од современите размисли за значењето и смислата на нештата; од интимните побуди на еден македонски творец, до актуелните „метафизички" и „иреални". Биков како скулптор ги извлекува „тешките" форми со строги контури, градејќи го така својот разновиден свет. Тоа го прави и кога сака да долови некаков музички мотив, кој инаку како тенка нишка се провлекува низ делата. Со немир ги обликува главно апстрактните, на моменти „орнаментирани" површини, обидувајќи се да ги урамнотежи. Темпераментот му е директен речиси насилен. Раката се движи „сурово" и возбудено. Такви се и графачките листови, кумулативни збиени форми „изрезбарени" со немирна фактура и придушена боја. Тоа е графика со директни асоцијации на македонско поднебје и карактер.

**СО НЕШТО ПОСЛОБОДНА** линија Биков цврсто го гради своето на имагинарното „општото". На моменти неговата фантазија е пофлуидна и по слободна, сакајќи да го долови непознатото, таинственото. Што и да работи Биков е директен, материјален. Структурата на неговото дело е тектонска-тактилна, било кога успева да ја скроти формата, било кога тоа не му успева. Имено, на моменти тој се наоѓа на границата на колебливото — интегралноста на потегот и идејата затајува. Можеби времето ќе покаже за што ќе се одлучи авторот — за рационалното конструирање на делото, или за нешто поразиграната и послободна линија, се разбира задржувајќи ја нему својствената експресија и сонорност.

**ПОМЛАДИОТ ДИМИТАР МАЛИДАНОВ**, под влијание на школувањето, сега засега се одлучува за фигуративното. За разлика од Биков, Малиданов е подекоративен и посветол во бојата, која е важна за неговиот израз; негува нервозен ракопис и е изразито наклонет кон „цртежот" во графиката. Во неговите творби се среќаваат инспиративни моменти од критско-етрурската уметност, или пак од нашето средновековно-фреско сликарство. Тоа се огледа како во линеарноста на фигурата, бојата и знаците — идеограми или хиреоглифи, што ги вметнува час дискретно час истакнувајќи ги, така и во поглед на „идејноста" или пораката што сака да ја пренесе, односно свртеноста на авторот кон старото минато, историјата. Тука се доближува до опасноста да стане наративен и епизодичен што не е исклучително кај одделни творби.

Малиданов користи повеќе графички техники, како што е дрворезот, каде постигнува едноставен израз на јасни и јаки линии, потсетувајќи во претставувањето на фигурата на Матисовската Арабеска, литографија кога најмногу се доближува до слободниот графизам, потоа бакропис кога му дава слобода на тонот и линијата и сито печат каде живо го изразува својот цртачки нерв. Сѐ се тоа „сликарски" техники во кои Малиданов наоѓа начин за изразување на својот немир, загриженост и лиризам, што го води во помалку романтично кажување. Содржејќи опасност од декор и лутање оваа графика сепак носи во себе желба да се искаже внатрешната напнатост во техниката која најмногу му одговара, а тоа е графиката.

**Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ**



ДРАГАН БИКОВ: ОД ИЗЛОЖБАТА НА ГРАФИКИ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ ВО СКОПЈЕ